Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 14 став (1) точка 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23 и 05/23), а во врска со член 5 од Закон за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) и Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Службен весник на РМ“ бр.54/12, 17/13, 21/13, 142/14 и 153/2015), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 31.10.2023 година ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

**за измена и дополнување на Одлуката за процена на пазарна вредност по зони на недвижен имот, градежно изградено, неизградено и земјоделско земјиште во Општина Крива Паланка**

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на членот 2 став (1) во Одлуката за процена на пазарна вредност по зони на недвижен имот, градежно изградено, неизградено и земјоделско земјиште во Општина Крива Паланка бр.09-1111/13 од 28.02.2023 година, и тоа:

Во Прегледот по зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот – А. (деловни објекти, простории, градежно изградено и неизградено земјиште со таква намена во Општина Крива Паланка)кој е составен дел на Одлуката, после 16.1 подзона се додава текстот:

„17.1 Подзона

Градежно земјиште во опфат на урбанистичко - планска документација со комерцијално деловна и производна намена и енергетска инфраструктура, кое не е опфатено со претходните зони. (За оваа зона не важи намалувањето за 5 бода по м2 за површина поголема од 1000 м2)

Вредност 10 БОДА/ЕВРА/м2“

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 09-5024/17
31.10.2023год.
Крива Паланка

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска**